**Излегува по потреба-04.03-2020година.Среда-Бр.04, година XXIV**
**.Ж-ска 749014004563010 Депонент Народна банка на Македонија;**
**E-mail: Novacio@t.mk Примерок 50 денари**

---

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци„бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Програма во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето
на општина Новаци за 2020 година

1. Објавувам Програма во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Новаци за 2020 година, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 28.02.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-276/1 ОпштинаНоваци
03.03.2020 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци„бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за отпочнување на постапка за носење Нов Стратешки План за Локален Економски развој 2020-2024

1. Објавувам Одлука за отпочнување на постапка за носење Нов Стратешки План за Локален Економски развој 2020-2024, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 28.02.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-276/2 ОпштинаНоваци
03.03.2020 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 28.02.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
за отпочнување на постапка за носење Нов Стратешки План
за Локален Економски развој 2020-2024

**Член 1**

**СЕ ОДОБРУВА** отпочнување на постапка за носење Нов Стратешки План за Локален Економски развој 2020-2024.

**Член 2**

До донесување на Нов Стратешки План за Локален Економски развој 2020-2024, ќе се применува Стариот Стратешки План за Локален Економски развој 2015-2019 бр.14-513/18 од 28.05. 2015 година.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила наредниот ден од објавувањето во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-255/5 Совет на општина Новаци
28.02.2020 год. Претседател
НаумчеСмилевски

====================================

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци„бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за утврдување и обележување места за истакнување на изборни плакати за Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република С. Македонија, 2020 година

1. Објавувам Одлука за утврдување и обележување места за истакнување на изборни плакати за Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република С. Македонија, 2020 година, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 28.02.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-276/3 ОпштинаНоваци
03.03.2020 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 78 од Изборниот законик (Службен весник на РМ бр. 40/06,136/208,148/08,155/08,163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 33/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16 И 99/16, а во врска со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 28.02.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
За утврдување и обележување места за истакнување на изборни плакати за Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република С. Македонија, 2020 година

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат местата на кои е дозволено да се истакнуваат изборни плакати за Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република С. Македонија,2020 година, и се обезбедуваат еднакви услови за сите организатори на изборната кампања.

Член 2

Истакнувањето на изборните плакати за Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, 2020 година започнува од 23-03-2020 г. /00,00 часот/ и завршува на 10-04-2020 г.во 24,00 ч.

На утврдените места организаторите на изборната кампања можат да поставуваат свои подвижни паноа со залепени плакати распоредени во линија , под услов да не се попречува видикот на другите паноа , но не повеќе од 3 паноа на една локација од секој организатор на изборната кампања.

Член 3

Без надоместок изборни плакати можат да се истакнуваат на електрични

столбови на висина над 3 метри.рекламни паноа на градежно земјиште-државна сопственост-општинска сопственост

Изборните плакати можат да се истакнуваат без надоместок на слободните површини погодни за таква намена, и на стамбени и други приватни објекти, со претходна согласност (одобрение) од сопственикот на објектот.

Член 4

Не се дозволува лепење плакати на објекти и фасади под заштита , односно на културно-историски споменици, спомен обележја и бисти , телефонски и електрични кабли.

Член 5

Дополнителните места за истакнување на изборни плакати со надоместок се утврдуваат врз основа на барање на организаторот на изборната кампања по претходна согласност на Одделението за комунални работи .

Барањато за користење дополнителни места за истанување паноа со изборни плакати се доставува најдоцна 3 дена пред денот определен за почеток на изборната кампања.

Член 6

Организаторите на изборната кампања , во рок од 30 дена по завршувањето на изборите должни се да ги отстранат своите паноа и плакати од објектите и просторот.

Член 7

Непридржувањето кон утврдените места и определените услови повлекува казна за сторен прекршок според канените одредби од Изборниот законик.

Член 8

Надзорот над примената на оваа одлука ќе го врши Општинскиот инспекторат.

Член 9

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-255/6 Совет на општина Новаци
28.02.2020 год. Претседател
НаумчеСмилевски
=====================================

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци„бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за усвојување на Развојна Програма на училиштето ООУ„Славко Лумбарковски„-Новаци 2020-2024

1. Објавувам Одлука за усвојување на Развојна Програма на училиштето ООУ„Славко Лумбарковски„-Новаци 2020-2024, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 28.02.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-276/4 ОпштинаНоваци
03.03.2020 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 28.02.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
за усвојување на Развојна Програма на училиштето
ООУ„Славко Лумбарковски„-Новаци 2020-2024

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Развојна Програма на училиштето ООУ„Славко Лумбарковски„-Новаци 2020-2024.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Развојна Програма на училиштето ООУ„Славко Лумбарковски„-Новаци 2020-2024, бр.01-577/1 од 30.12.2019 година( наш број 15-240/1 од 21.02.2020 година).

**Член 3**

Одлуката влегува во сила наредниот ден од објавувањето во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-255/7 Совет на општина Новаци
28.02.2020 год. Претседател
НаумчеСмилевски

===================================

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци„бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за усвојување на Полугодишен извештај за работата на ОУ„Славко Лумбарковски„ Новаци за учебната 2019/2020 година

1. Објавувам Одлука за усвојување на Полугодишен извештај за работата на ОУ„Славко Лумбарковски„ Новаци за учебната 2019/2020 година, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 28.02.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-276/5 ОпштинаНоваци
03.03.2020 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 28.02.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
за усвојување на Полугодишен извештај за работата на ОУ„Славко Лумбарковски„ Новаци за учебната 2019/2020 година

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Полугодишниот извештај за работата на ОУ„Славко Лумбарковски„Новаци за учебната 2019/2020 година.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Полугодишниот извештај за работата на ОУ„Славко Лумбарковски„Новаци за учебната 2019/2020 година, бр.01-38/1 од 21.01.2020 година( наш број 15-240/2 од 21.02.2020 година).

**Член 3**

Одлуката влегува во сила наредниот ден од објавувањето во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-255/8 Совет на општина Новаци
28.02.2020 год. Претседател
НаумчеСмилевски

====================================

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци„бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за усвојување на Годишна Програма на училиштето ООУ„Славко Лумбарковски„-Новаци за професионален и кариерен развој на наставниците, стручните соработници, директорот и неговиот помошник 2019/2020 година

1. Објавувам Одлука за усвојување на Годишна Програма на училиштето ООУ„Славко Лумбарковски„-Новаци за професионален и кариерен развој на наставниците, стручните соработници, директорот и неговиот помошник 2019/2020 година, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 28.02.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-276/6 ОпштинаНоваци
03.03.2020 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 28.02.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
за усвојување на Годишна Програма на училиштето ООУ„Славко Лумбарковски„-Новаци за професионален и кариерен развој на наставниците, стручните соработници, директорот и неговиот помошник 2019/2020 година

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Годишна Програма на училиштето ООУ„Славко Лумбарковски„-Новаци за професионален и кариерен развој на наставниците, стручните соработници, директорот и неговиот помошник 2019/2020 година

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Годишна Програма на училиштето ООУ„Славко Лумбарковски„-Новаци за професионален и кариерен развој на наставниците, стручните соработници, директорот и неговиот помошник 2019/2020 година, бр.01-569/1 од 30.12.2019 година( наш број 15-240/3 од 21.02.2020 година).

**Член 3**

Одлуката влегува во сила наредниот ден од објавувањето во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-255/9 Совет на општина Новаци
28.02.2020 год. Претседател
НаумчеСмилевски

==================================

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци„бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за одобрување на иницијатива на општина Новаци за превземање на депонијата во с.Мегленци заради вршење работи од јавен интерес за општината

1. Објавувам Одлука за одобрување на иницијатива на општина Новаци за превземање на депонијата во с.Мегленци заради вршење работи од јавен интерес за општината, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 28.02.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-276/7 ОпштинаНоваци
03.03.2020 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 28.02.02.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
за одобрување на иницијатива на општина Новаци за превземање на депонијата во с.Мегленци заради вршење работи од јавен интерес за општината

**Член 1**

**СЕ ОДОБРУВА** иницијативата на општина Новаци за превземање на депонијата во с.Мегленци, заради вршење работи од јавен интерес за општината.

**Член 2**

Општината самостојно, во рамките на законот ги уредува и врши работи од јавен интерес од локално значење согласно член 21 од Законот за локална самоуправа, заради воспоставување на надлежност на своето подрачје за вршење на работи на јавен интерес, покренува иницијатива за превземање на депонијата за комунален отпад која се наоѓа на подрачјето на општина Новаци.

**Член 3**

Правата и обврските кои произлегуваат од примопредавањето на комуналната инфраструктура-депонија за комунален отпад „Мегленци„ општина Новаци, сопственоста, начин на управување, стопанисување, и меѓусебни обврски за управување со отпадот ќе се уредат со посебен договор меѓу општина Битола и општина Новаци.

**Член 4**

Примерок од Одлуката да се достави до Совет на општина Битола, Ј.П.„Комуналец„ Битола, РЕК Битола и надлежни министерства.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во („Службен гласник на Општина Новаци„).

Бр.14-255/10 Совет на општина Новаци
28.02.2020 год. Претседател
НаумчеСмилевски

====================================

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци„бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за одобрување на финансиски средства

1. Објавувам Одлука за одобрување на финансиски средства, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 28.02.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-276/8 Општина Новаци
03.03.2020 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 28.02.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
за одобрување на финансиски средства

**Член 1**

**СЕ ОДОБРУВА** уплата на финансиски средства на виза бизнис картица бр.0034106834, на општина Новаци.

**Член 2**

Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Новаци за 2020 година.

**Член 3**

Се задолжува Оделението за финансиски прашања при општина Новаци, да ја спроведе Одлуката.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила наредниот ден од објавувањето во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-255/11 Совет на општина Новаци
28.02.2020 год. Претседател
НаумчеСмилевски

====================================

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци„бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за определување на надоместокот за дневница за службено патување во Републикта

1. Објавувам Одлука за определување на надоместокот за дневница за службено патување во Републикта, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 28.02.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-276/9 ОпштинаНоваци
03.03.2020 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 28.02.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
за определување на надоместокот за дневница за службено патување во Републикта

**Член 1**

**СЕ ОПРЕДЕЛУВА** надоместокот за дневница за службено патување во Републикта, без трошоците за ноќевање,да изнесува **700,00 денари**.

Доколку патувањето траело повеќе од 12 часа се исплатува цела дневница.

За патување во траење од 8 до 12 часа се исплатува 50% од утврдениот износ во став 1 од овој член.

Доколку во агендата стојат платени трошоци за храна, се исплатува 20% од дневницата.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила наредниот ден од објавувањето во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-255/12 Совет на општина Новаци
28.02.2020 год. Претседател
НаумчеСмилевски

==================================

С О Д Р Ж И Н А Страна

1.Заклучок за објавување Програма во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Новаци за 2020 година.

2.Заклучок за објавување Одлука за отпочнување на постапка за носење Нов Стратешки План за Локален Економски развој 2020-2024.

3.Заклучок за објавување Одлука за утврдување и обележување места за истакнување на изборни плакати за Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република С. Македонија, 2020 година

4.Заклучок за објавување Одлука за усвојување на Развојна Програма на училиштето ООУ„Славко Лумбарковски„-Новаци 2020-2024

5.Заклучок за објавување Одлука за усвојување на Полугодишен извештај за работата на ОУ„Славко Лумбарковски„ Новаци за учебната 2019/2020 година

6.Заклучок за објавување Одлука за усвојување на Годишна Програма на училиштето ООУ„Славко Лумбарковски„-Новаци за професионален и кариерен развој на наставниците, стручните соработници, директорот и неговиот помошник 2019/2020 година

7.Заклучок за објавување Одлука за одобрување на иницијатива на општина Новаци за превземање на депонијата во с.Мегленци заради вршење работи од јавен интерес за општината

8.Заклучок за објавување Одлука за одобрување на финансиски средства

9.Заклучок за објавување Одлука за определување на надоместокот за дневница за службено патување во Републикта

**Издавач:** Совет на општина Новаци:
**Редакција:**
Ангелевски Стевче-одговорен уредник
Редакциски одбор:
Момоковски Ристе
Јовановска Летка
**Печати**: Совет на општина Новаци
**Тираж:** 20 примероци